**ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ**

од одржаното Годишно Собрание на акционери на Друштво за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ АД Скопје
одржано на ден 30.08.2017 година, во Хотел Александар Палас, во Конгресна Сала 2, со почеток во 16.00 часот

Врз основа на чл.391-б од Законот за трговските друштва, во прилог ги објавуваме поставените прашања од акционерите и соодветните одговори од менаџментот на Друштвото:

**Под II. Работен дел од Дневен ред**

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје истакна дека закажаното Годишно Собрание на акционери е свикано спротивно на Законот за трговски друштва, од причина што истото е закажано по истекот на законскиот рок за свикување на годишно собрание, како и истакна дека материјалите за собрание не биле достапни за акционерите од причина што истите не биле објавени на веб страната на Друштвото што е законска обврска, впрочем дека и веб страната на Друштвото воопшто не функционира. Истакна дека и се обидел и телефонски да стапи во контакт со Друштвото за обезбедување на материјали, меѓутоа и тоа се покажало како неуспешно. Материјалите ги добил преку лични контакти со вработени во Друштвото.

**Одговор:** Годишното Собрание на акционери на Друштвото е свикано согласно одредбите и роковите од Законот за трговските друштва. Во поглед на објавата на материјалите за собрание на веб страната на Друштвото, истакнуваме дека се работи за технички проблеми со истата кои набрзо се исправени. Друштвото ќе продолжи со заложбите за целосно законско организирање и спроведување на седницата на Годишното Собрание на акционери на Друштвото, вклучувајќи полесна достапност на материјалите за сите акционери и заинтересирани страни.

**Под точка 1 од II. Работен дел од Дневен ред - Усвојување на Записник од претходната седница на Собранието на акционери на Друштвото одржано на ден 30.08.2016 година.**

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје истакна дека Записникот од претходната седница на Собранието на акционери на Друштвото одржано на ден 30.08.2016 година е составен спротивно на законските прописи од причина што како точка на дневен ред е ставено усвојување на пречистен текст од Статутот на Друштвото што не е надлежност на Собрание на акционери туку е во надлежност на Надзорниот одбор на Друштвото.

**Одговор:** Записникот од претходната седница на Собранието на акционери на Друштвото одржано на ден 30.08.2016 година е составен целосно согласно

законските прописи од причина што истиот е составен од страна на нотар кој ја водеше седницата на Годишното Собрание одржано на 30.08.2016 и согласно истиот беше извршен упис на промени во Централниот Регистар на РМ. Доколку Записникот од 30.08.2016 година е спротивен на законските одредби Централниот Регистар не би го прифатил за валиден и согласно истото не би го спровел уписот на промените во Друштвото.

**Под точка 2 од II. Работен дел од Дневен ред - Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Друштвото за претходната деловна година.**

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје истакна дека Годишниот извештај не ги содржи законските елементи согласно Законот за трговските друштва од причина што не се објавени податоци за платите и другите надоместоци на членовите на Управниот и Надзорниот Одбор. Побара да му се достави список со плати на раководната структура на Друштвото.

**Одговор:** Од страна на Друштвото е доставен список со плати на раководниот тим за 2016 година од каде може да се утврди дека вкупниот износ на бруто плата за раководниот тим за 2016 година изнесува 10.490.874,00 денари. Поради доверливост на податоците, износите на плата за секој поединечен член посебно се доставени до акционерот и не се објавени јавно. Од страна на Друштвото се превземени сите неопходни мерки за отстранување на наведените пропусти. Друштвото ќе продолжи со заложбите за целосно законско организирање и спроведување на седницата на Годишното Собрание на акционери на Друштвото.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје истакна дека во Годишниот извештај не се објавени податоци за големи зделки и зделки со заинтересирани страни кои согласно законските прописи треба да бидат содржани во годишниот извештај.

**Одговор:** Согласно законските одредби Друштвото во 2016 година нема реализирано големи зделки и зделки со заинтересирани страни. До акционерот е доставена листа на зделки со поголем износ за 2016 година од кои може да се забележи набавката на машина Bobst Flexo 1600, нејзин транспорт, царина, монтажа и инсталација за работниот процес на Друштвото во вкупен износ од 18.272.617,00 денари или 296.633,00 евра.
Во однос на зделките со заинтересирани страни, иако Друштвото нема склучено такви, на акционерот му обезбеди квартални извештаи со поврзани страни, од кои може да се забележи дека Друштвото во 2016 година најголем обем на соработка имало со ДС СМИТХ БУГАРИЈА СА, ДС СМИТХ БЕЛИШЌЕ ХРВАТСКА, ДС СМИТХ ПАКЕЏИНГ ДОО КРУШЕВАЦ И ДС СМИТХ ХЕЛЛАС С.А.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара да му се достават податоци за договорите за кредит на Друштвото со сите страни како и податоци

за количините на стара хартија кои се собрани, каде СЕРВИС ХАРТИЈА извезува и по кои цени.

**Одговор:** Кредитите на Друштвото се однесуваат на необезбедени долгорочни кредити спрема поврзани страни во вкупен износ од 3.812.000,00 евра. Се работи за 4 долгорочни кредити спрема мнозинскиот акционери ДС СМИТХ ПЕКЕЏИНГ САУТ ИСТ ГмбХ Австрија. Податоци за условите и вредноста на секој поединечен кредит се доставени до акционерот.
Во однос на количините на стара хартија кои се собрани, Профитниот Центар СЕРВИС ХАРТИЈА за 2016 година има реализирано откуп на 18.893 тони стара хартија за вкупен износ од 1.211.000,00 евра. Продажбата/извозот на стара хартија за 2016 година е реализиран во Бугарија (Тракија) во вкупна количина од 18.936 тони за вкупен износ од 2.441.000,00 евра.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара да му се достави податоци за набавката на машината Bobst.

**Одговор:** Набавката на машина Bobst Flexo 1600, нејзин транспорт, царина, монтажа и инсталација за работниот процес на Друштвото изнесува во вкупен износ од 18.272.617,00 денари или 296.633,00 евра.

**Под точка 3 од II. Работен дел од Дневен ред - Разгледување и усвојување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за период од 01.01.2016 - 31.12.2016 година.**

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје истакна дека забележал во Билансот на успех на Друштвото дека добивката од работењето на Друштвото изнесува 16.000.000,00 денари што е позитивно, меѓутоа истакна загриженост зошто истата е намалена за половина во однос на претходната година. Побара информации за потрошените 16.000.000.00 денари.

**Одговор:** Загубата произлегува од продажба на машина ISOWA 2800 Flexo folder gluer набавена 2006 година, со набавна вредност од 22.034.875 денари. Во моментот на продажбата, истата е продадена по пазарна вредност од 924.000 денари, а на денот на продажбата истата имала сегашна вредност од 10.990.711,32 денари. Овој износ заедно со вкалкулиран и платен ДДВ претставува загуба за 2016 година.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје истакна дека забележал дека Друштвото има остварен зголемен извоз од 20%. Побара податоци во кои земји е остварен извоз и во кои вредности.

**Одговор:** Профитниот центар на Друштвото СЕРВИС ХАРТИЈА за 2016 година има остварено вкупен извоз од 148.522.732,00 денари во Бугарија и Србија. Детален преглед на комитентите од наведените земји е доставен до акционерот.

Профитниот центар на Друштвото АМБАЛАЖА за 2016 година има остварено вкупен извоз од 99.660.531,00 денари во Албанија, Црна Гора, Косово и Србија. Детален преглед на комитентите од наведените земји е доставен до акционерот.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара информации за основот по кој Друштвото е задолжено за износ од 4.612.000,00 денари и дали по овој основ се платени даноци.

**Одговор:** Обврската од 4.612.406 денари, претставува обврска по основ на учество во резултат, односно издвојување на 2% од нето добивка по основ на приоритетни акции на Фондот за Пензиско и Инвалидско осигурување, секоја година заклучно со 2010 година.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје постави прашање дали во набавката на софтвер е вклучен и износот од 250.000,00 денари за ДС СМИТХ БЕЛИШЌЕ ХРВАТСКА кои никогаш не биле спроведени.

**Одговор:** Набавката на БААН системот е започната во 2008 година и истата се завршува заклучно со 2010 година. Со одлука на управен одбор бр.0202-3366-3 на 31.08.2011, се одобрува да се изврши отпис на БААН системот во износ од 15.615.996 денари.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје постави прашање во поглед на забележаната вредност на земјиштето на Друштвото, дали во меѓувреме е извршена приватизација на истото и дали запишаните податоци во Билансот на состојба на Друштвото се точни.

**Одговор:** Процесот на приватизација на земјиштето сеуште е активен, и до овој момент Друштвото има право на користење на истиот, но не и право на сопственост.

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје побара информации за договорот за ДС СМИТХ ДОО КРУШЕВАЦ за предметот на услугите, цените и зошто постои побарување од нивна страна спрема Друштвото.

**Одговор:** Договор со ДС СМИТХ ДОО КРУШЕВАЦ нема, продажбата се врши врз основа на претходно добиени и прифатени нарачки и цената се формира согласно калкулација на цена на чинење.

**Под точка 4 од II. Работен дел од Дневен ред - Разгледување и усвојување на Годишен извештај на Управниот Одбор и Надзорниот одбор за работата, управување и раководење со Друштвото во 2016 година.**

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје истакна дека очигледно е дека Управниот и Надзорниот Одбор го потценуваат собранието на акционери

на Друштвото. Истакна дека не е запазена обврската од минимум 4 седници во годината на Надзорниот Одбор односно на секои 3 месеци да се донесе извештај за работата на Друштвото. Истакна дека Надзорниот Одбор сеуште не организирал одделение за внатрешна ревизија за што е обврзан со закон кое е должно да достави извештај пред секое годишно собрание. Надзорниот Одбор дури не наоѓа ни за сходно да присуствува на седница на Годишно Собрание. Предупреди дека за секоја штета причинета на Друштвото, Управниот и Надзорниот одбор одговараат за причинетата штета солидарно. Истакна дека Управниот Одбор нема изградена стратегија за работењето на Друштвото, а во однос на акумулираната загуба од минатите години нема акционен план за нејзино покривање. Истакна дека смета дека лицата Дарко Калчев и Јонче Јачев не се квалификувани да бидат членови на Управен и Надзорен Одбор односно смета дека не се стручни да ја вршат таа функција.

**Одговор:** Друштвото вложува напори за отстранување на одредени пропусти во работењето и организацијата. Друштвото и својот менаџмент работат потполно кон унапредување на процесот на работењето и отчетноста спрема своите акционери и целосно понатамошно усогласување со законските прописи.

**Под точка 8 од II. Работен дел од Дневен ред - Избор на Ревизорска Куќа за 2017 година.**

**Прашање:** Акционерот Душан Јевремовски од Скопје истакна дека за оваа точка од дневниот ред не добил материјали за да може да одлучува. Истакна дека не се согласува за ревизор да се избере ревизорска куќа која го составува ревизорскиот извештај на 23.06.2017 година. Истакна за потребата од обезбедување на 3 понуди за избор на ревизорска куќа со цел споредување на условите и цените кои тие ги нудат.

**Одговор:** Ревизорскиот извештај за 2016 година изработен од ревизорското друштво ДИЛОИТ ДОО Скопје е изготвен целосно согласно законските прописи и меѓународните сметководствени стандарди. Изборот за ревизорска куќа за 2017 година е направен на предлог на мнозинскиот акционер кој беше усвоен на седницата на Годишно Собрание на акционери со мнозинство од присутните акционери со право на глас, што е целосно согласно законските прописи.